Љубовта е
најблагодарната
слабост на умот.
**Драјден**

---

Уште немам сретнато
човек од кого што не
би можело нешто да
се научи.
**Де Винчи**

---

Чувај се од лутината на
трпелив човек.
**Драјден**

---

Страстите не се лечат со
разумност, туку само со
други страсти.
**Берн**

---

Срцето секогаш го мами
разумот. Разумот не може
долго да ја игра улогата
на срцето.
**Ла Рошфуко**

---

Срeќата е како на пазар;
често, ако можеш само
малку да почекаш,
цената ќе и падне.
**Бекон**

---

Честа е надворешна
совест, а совеста
внатрешна чест.
**Шопенхауер**

---

Некој е сиромав заради
пороци, а некој заради
доблести.
**Секулиќ**

---

Тој што ја сака работата,
ја работи полека, а тој
што се плаши од неа ја
работи брзо.
**Кокто**

---

Да се биде природен,
тоа е најтешка поза
на којашто човек може
да се сложи.
**Баро**

Никој не е сосема
образуван додека не
научи да молчи.
**Хорациј**

Оној што се одмаздува
за една подлост, прави
друга.
**Борел**

Нема поголема несреќа
во љубовта отколку
смртта на фантазијата.
**Мередит**

Оној што знае да ласка
знае и да клевети.
**Наполеон**

Никој не може да знае
сè, а срамно е и штетно
да се преправаш дека го
знаеш она што не го знаеш.
**Толстој**

Сиот наш живот се одвива меѓу она што сакаме и она што мораме.
**Чапек Ј.**

---

Жената треба да го чува телото како богатство, ако сака мажот да се почуствува како копач на злато.
**Форман**

---

Бидејки си роден како човечко суштетство, ако не им имаш дадено на работите никаква духовна смисла, личиш на човек којшто од земјата на скапоцените камења се вратил со празни раце.
**Тибетски запис**

---

Дарежливоста се состои помалку во давањето на многу, отколку во давање на малку во вистинско време.
**Ле Бриер**

---

Со тоа што добрината ја
шириме околу себе
истовремено ја
зацврстуваме и во
самите себе.
**Гарборг**

---

Со растежот на
богатството, обично,
доблестите опаѓаат.
**Вебер**

---

На почетокот гревот во
твојата душа е туѓинец,
потоа е гостин, а кога ќе
се привикнеш на него,
тој станува домаќин.
**Толстој**

---

Времето ги зацелува
раните, доколку ранетиот
упорно не ги разранува.
**Санд**